П О В И К
за одржување Годишна седница на Собранието
на акционери на АД,,ОХРИДТУРИСТ,, -Охрид

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Избор на председавач и работни тела.
2. Усвојување на Записникот од седницата на Собрание на акционери одржана на ден 22.05.2013 година.
3. Разгледување и усвојување на завршната сметка и резултатите од работењето на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид за 2013 година, на Извештајот од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО ,,МУР СТИВЕНС,,-Скопје, на Извештајот за остварените резултати од работењето на друштвото за 2013 година и одобрување на работата на Одборот на директори на друштвото и одлучување по истите.

- Предлог одлука за усвојување на завршната сметка и резултатите од работењето на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид за 2013 година;
- Предлог одлука за усвојување на Извештајот од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС,, -Скопје за 2013 година;
- Предлог одлука за усвојување на Извештајот за остварените резултати од работењето на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид во 2013 година;
- Предлог одлука за одобрување на работата на Одборот на директори на друштвото за 2013 година.

4. Именување на Ревизорска куќа за ревизија на годишниот извештај и годишната пресметка за 2014 година.

Седницата на Собранието на акционери ќе се одржи на ден 30.05.2014 година (петок) со почеток во 11,00 часот во просториите на хотел ,,ПАЛАС,, на ул.,,Партизанска,, бр. 8, Охрид.

Акционерите на Собранието можат да присуствуваат лично или може да именуваат полномошник. Именувањето на полномошникот се врши со писмено полномошно. Акционерот треба веднаш писмено да го извести Друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма. Акционерот кој нема да го извести Друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Како услов за уважување на полномошното, како и верификација на дадените инструкции за гласање, акционерот, заради утврдување на личниот идентитет е должен известувањето за даденото полномошно да го достави до Друштвото да приложи и соодветна документација за идентификација и тоа:

1. За акционер физичко лице се приложува копија од лична карта или пасош.
2. За акционер домашно правно лице се приложува тековна состојба од Централниот регистар на Р.Македонија, во оригинал не постара од десет дена.

За важечко ќе се смета и полномошно за застапување дадено од акционер на друго лице кое акционерот го заверил кај нотар.

Акционерите или нивните полномошници може да учествуваат на

седницата на Собранието и да го остваруваат правото на глас само под услов своето учество да го пријавиле пред одржување на седницата на Собранието, како и да поседуваат документ за лична идентификација.

Пријавувањето на учеството на седницата акционерите го вршат со писмена пријава, а полномошниците кон писмената пријава приложуваат полномошно во оригинал и писмено известување од акционерот, давател на полномошното, и фотокопие од документацијата наведена во точка 1 или 2 погоре.

Доставата се врши до АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид, ул. ,,Партизанска,, бр. 8, Охрид.

Се повикуваат акционерите или нивните полномошници навремено да го пријават своето учество заради уредно спроведување на процедурата на одржување на седницата на Собранието.

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број акции со право на глас, имаат право да достават предлог за дополнување на дневниот ред и предлог одлуки по точките од дневниот ред со соодветно образложение.

Акционерите барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на Собранието и предлагањето на одлуки за усвојување можат да го достават во рок од осум дена од денот кога е објавен јавниот повик за одржување на седницата на Собранието, до Одборот на директори на друштвото.

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на Собранието на Друштвото.

Одговорите на поставените прашања на седницата на Собранието, Друштвото ќе ги објави на својата интернет страница согласно со закон.

Заинтересираните лица можат да извршат увид и да подигнат материјали што се подготвени за Собранието, во архивата на друштвото секој ден во времето од 12-14 часот.

Материјалите се достапни и на официјалната интернет страница на друштвото www.ohridturist.mk.

АД,,ОХРИДТУРИСТ,,- ОХРИД

Генерален директор,

Рахман Џемал

# И З В Е Ш Т А Ј
## за остварени резултати од работењето на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-ОХРИД

## во деловната 2013 година

Почитувани акционери,

Извештајот за остварените финансиски резултати од работењето на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид за деловната 2013 година е законска обврска на Одборот на директори согласно која е потребно акционерите да бидат запознаени со остварените финансиски резултати во работењето и позначајните настани кои го одбележаа работењето за 2013 година.

Пред да почнам со презентација на остварените финансиски резултати, дозволете ми само со неколку реченици да го свртам вниманието на одредени аспекти од работењето, кои досега можеби не биле нагласени во доволна мера. Имено, во последните неколку години на сложени услови на работење, нашата ориентација беше да работиме позитивно и да ги зачуваме работните места. Во услови на ограничени можности за наоѓање поволни извори за финансирање, преку политиката на давање на објектите под закуп, со обврска на вработување на постојните вработени и исплата на плати, сметам дека успеавме да ги надминиме проблемите со кои се соочија голем дел од стопанските субјекти од нашата бранша.

Сметам дека на сите им е јасно дека работењето во 2013 година се одвиваше во многу неповолни услови кога е во прашање нашата дејност бидејќи светската економска криза и последиците од истата се почувствуваа во работењето на друштвото. Но и покрај тоа постојниот концепт на стопанисување се покажа како исправен во едни вакви околности.

Се разбира, како менаџмент, долгорочната перспектива на компанијата воопшто не ја гледаме во тоа постојано да ги издаваме објектите под закуп.

Од страна на органите на друштвото се преземаат активности да се изготви план за развој на друштвото во рамките на кој ќе бидат дефинирани перспективите за развој и ќе биде изнајдено најсоодветно решение за истото.

Согласно одредбите на член 476 став 1 од Законот за трговски друштва, секое друштво има обврска по истекот на деловната година да составува годишна сметка, а во член 476 став 2 од Законот за трговските друштва е предвидено секој голем и среден трговец, по истекот на деловната година има обврска да подготвува и да поднесува и финансиски извештаи во согласност со усвоените Меѓународни сметководствени стандарди и Меѓународни стандарди за финансиско известување.

Во услови на ограничени можности за изнаоѓање поволни услови на финансирање, Одборот на директори при АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид одлучи да се дадат објектите под закуп со обврска за вработување на постојните вработени и исплата на плати.

Заради стопанисување со комплекс ,,Летница,, друштвото има склучено договори со поголем број на субјекти на кои им се врши месечно или шестмесечно фактурирање на договорениот износ за наемнина. Покрај

наемнината, на закупците им се врши фактурирање на сите комунални трошоци поврзани со користењето на објектот.

Заради стопанисување со хотел ,,Десарет,, и Автокампот ,,Љубаништа,, склучени се договори за долгорочен закуп со друштвото ,,ТЕДИ КОМЕРЦ,, ДООЕЛ-Охрид.

Со ресторан ,,Билјанини извори,, стопанисува друштвото ,,Филип,, врз основа на договор за деловна соработка,

Ресторан ,,Ориент,, е издаден под закуп на друштвото ,,Ромоес,, врз основа на договор за закуп и истиот со ресторан ,,Ориент,, стопанисуваше до 30.06.2013 година. Ресторан ,,Ориент,, од 01.07.2013 година е во владение на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид и не е во функција, затворен е.

Заради стопанисување со ресторан ,,Острово,, СВ.Наум, друштвото има склучено договор за подзакуп со ,,Острово БДБ,,. Објектот е земен под закуп од Национален парк ,,Галичица,,-Охрид до 31.12.2013 година.

Со договорите за закуп кои се солемнизирани кај нотар закупците се обврзани да ги превземат и вработените во објектите и за нив да плаќаат соодветен надоместок за бруто плата, врз основа на фактури изготвени од закуподавецот. Исто така, закупците се должни да им ги гарантираат и обезбедат правата и обврските од работен однос согласно закон и Колективен договор и да им ги надоместуваат или организираат правата на исхрана и превоз до и од работа.

Хотел ,,Орце Николов,, во состојба во каква што се наоѓа се стави во функција, но поради дотраеноста и ограничената можност за категоризација, истиот практично работеше во летната сезона како преноќиште.

Во однос на хотелот ,,Палас,, кој не е во функција повеќе години веќе се заокружија и дефинираа постапките за денационализација, се врати дел од земјиштето на поранешни сопственици пред ,,Летната сала,, а останатиот дел од земјиштето се приватизира од страна на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид и сега е во сопственост на друштвото. Во вакви околности се наметнува потребата да се изнајде форма и начин како објектот да се стави во функција во состојба во која што се наоѓа, а перспективно да се размислува за поголеми инвестициони зафати во објектот и комплексот на хотелот. Во секој случај се работи за активност, за која треба да донесат соодветни одлуки органите на друштвото.

Целта на изготвувањето на годишната сметка е да се утврди финансискиот резултат од работењето (добивка или загуба) врз основа на утврдените приходи и трошоци, односно расходи од почетокот на годината до последниот ден од пресметковниот период.

Вкупна актива на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид со состојба на ден 31.12.2013 година изнесува 449.609.253,00 денари и ја сочинуваат нетековни, односно материјални средства и тековни средства.

Во материјални средства спаѓаат: земјиште, градежни објекти, постројки и опрема и канцелариски инвентар и мебел.

Земјиштата се евидентираат по пазарна вредност или проценета вредност.

Под градежни објекти се подразбираат зградите и другите објекти кои служат за извршување на функцијата на друштвото и се евидентираат по нивната набавна вредност. Набавната вредност на градежните објекти ја сочинуваат набавната вредност на добавувачот зголемена за зависните трошоци.

Во структурата на вкупната актива градежните објекти учествуваат со 90,69% изнесуваат 407.759.996,00 денари.

| Р.бр. О п и с | 2013 | | 2012 | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | износ | % | износ | % | Инд. |
| 1.Нематеријални средства | - | - | - | - | - |
| 2.Материјални средства | 427.961.684 | 95,19 | 442.655.134 | 95,14 | 97 |
| -земјиште | 17.966.030 | 4,20 | 17.966.030 | 4,06 | 100 |
| -градежни објекти | 407.759.996 | 95,28 | 422.325.288 | 95,41 | 97 |
| -постројки и опрема | 2.235.658 | 0,52 | 2.363.816 | 0,53 | 95 |
| 3.Тековни средства | 20.787.349 | 4,62 | 21.496.272 | 4,62 | 97 |
| -залихи | 6.890.312 | 33,14 | 7.751.121 | 34,27 | |
| -краткорочни побарувања | 12.469.798 | 59,99 | 11.058.930 | 48,89 | 113 |
| - парични средства | 1.427.239 | 6,87 | 2.686.221 | 11,69 | 53 |
| 4.Платени трошоци за идни периоди | 860.220 | 0,19 | 1.121.724 | 0,24 | 77 |
| ВКУПНО: | 409.609.253 | 100,00 | 465.273.130 | 100,00 | 88 |

Под опрема се подразбираат предмети кои служат за извршување на дејноста на друштвото, а чиј век на траење е подолг од една година и поединечната вредност е поголема од две просечни плати во Република Македонија. Постројките и опремата се делови од материјалните средства на друштвото, кои се очекува да бидат користени во времетраење од еден период и во текот на деловната 2013 година изнесуваат 2.235.658,00 денари.

Поради нивната истрошеност, технолошка застареност и други причини, истите можат да бидат повлечени од употреба и да се чуваат во друштвото за идна можна продажба.

Во тековни средства спаѓаат залихи на суровини и материјали и ситен инвентар, краткорочни побарувања и парични средства. Залихите на суровини и материјали и ситен инвентар во деловната 2013 година изнесуваат 6.890.312,00 денари.

Краткорочните побарувања ги сочинуваат побарувањата од купувачи, побарувања од вработени и сл. Побарувањата од купувачи изнесуваат 10.860.689,00 денари и се на минатогодишното ниво.

Паричните средства со состојба на 31.12.2013 година изнесуваат 1.427.239,00 денари. Под парични средства се подразбираат оние парични средства со кои располага друштвото, а кои се наоѓаат кај банките и благајната на друштвото на ден 31.12.2013 година.

Платените трошоци за идните периоди и пресметани приходи (АВР) ги опфаќаат трошоците кои однапред се платени, а се однесуваат на идни пресметковни периоди и изнесуваат 860.220,00 денари и се резултат на засновано право на закуп на земјиште сопственост на РМ со непосредна спогодба со намена плажа во автокамп Љубаништа по решение издадено од Министерството за транспорт и врски.

Вкупната пасива со состојба на ден 31.12.2013 година изнесува 449.609.253,00 денари.

Структурата на пооделните категории во вкупната пасива е следна:

| Р.бр. О п и с<br>Инд. | 2013<br>износ | <br>% | 2012<br>износ | <br>% | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Главнина и резерви | 432.486.434 | 96,19 | 446.372.582 | 95,95 | 97 |
| -основна главнина | 367.599.912 | 85,00 | 367.599.912 | 82,08 | 100 |
| -сопствени акции (-) | 11.410.396 | 2,64 | 11.285.456 | 2,52 | 101 |
| -ревалоризациска резерва | 350.884.760 | 81,14 | 350.884.760 | 78,35 | 100 |
| - резерви | 2.366.088 | 0,55 | 2.366.088 | 0,53 | 100 |
| -акумулирана добивка | 5.293.699 | 1,22 | 5.293.699 | 1,18 | 100 |
| -пренесена загуба (-) | 276.252.269 | 63,88 | 267.574.582 | 59,75 | 103 |
| -добивка за деловната година | - | - | 911.839 | 0,20 | - |
| -загуба за деловната година | 5.995.360 | 1,39 | - | - | - |
| 2. Краткорочни обврски | 14.019.363 | 3,12 | 14.836.267 | 3,18 | 95 |
| 3. Одложено плаќање на трошоци и приходи на идни периоди | 3.103.456 | 0,69 | 4.064.281 | 0,87 | 76 |
| ВКУПНО: | 449.609.253 | 100 | 465.273.130 | 100 | 96 |

Вкупната пасива ја претставуваат изворите на главнината и резервите, краткорочните обврски и одложено плаќање на трошоци и приходи на идните периоди (ПВР).

Запишаниот капитал се искажува по номинална вредност и ги содржи обичните акции, законските резерви и сл. и изнесува 432.486.434,00 денари.

Краткорочните обврски во деловната 2013 година изнесуваат 14.019.363,00 денари, со пад од 5% во однос на претходната година. Истите се однесуваат на име обврски за данок на имот, обврски спрема добавувачите (доверители по основ на работење),оврски на име бруто плати, даноци и придонеси на плата и на надомести на плата за месец декември 2013 година, обврски за кредитни средства спрема Охридска банка АД Скопје за обезбедување на тековна ликвидност на друштвото.

Треба да се напомене дека обврските на име бруто плати, даноци и присонеси на плата за месец декември 2013 година се исплатени во месец јануари 2014 година.

Под приходи на идните периоди, односно пасивни временски разграничувања се сметаат оние парични средства што се примени одеднаш, а се однесуваат на подолг временски период (однапред платени закупнини) и во 2013 година изнесуваат 3.103.456,00 денари. Меѓу позначајните приходи кои од 2013 година се пренесени за 2014 година по основ на закупнини се однесуваат на следните закупци: ЕЛ-ЕМ ДООЕЛ Охрид, Филип ДООЕЛ Охрид, Острово БДБ ДОО Охрид, Теди Комерц ДООЕЛ Охрид, Тинекс-МТ ДОО Скопје, ЗООМ ДООЕЛ Охрид, Мегатурс ДООЕЛ Охрид и др.

Целта на изготвувањето на годишната сметка е да се утврди финансискиот резултат од работењето (добивка или загуба) врз основа на утврдените приходи и трошоци односно расходи од почетокот на годината до последниот ден од пресметковниот период.

Приходите во деловната 2013 година изнесуваат 42.842.348,00 денари и се резултат на приходи остварени од продажба на услуги во земјата, приходи од наемнини, приходи од наплатени отпишани побарувања од купувачи во земјата и останати приходи од работењето.

Во структурата на вкупните приходи најголемо учество од 51,45%, во износ од 22.044.173,00 денари имаат приходите остварени од наемнини и приходите остварени со рефактурирање на струја , бруто плата, вода и сл. на закупците во износ од 20.491.234,00 денари и учество од 47,83%.

Приходите остварени од продажба на услуги на домашен пазар изнесуваат 20.601.269,00 денари и се резултат на: приходи остварени од ноќевања во хотел ,,Орце Николов,, во месеците јули и август во износ од 110.035,00 денари приходи остварени од рефактурирање на бруто плата, струја , вода и сл. во износ од 20.491.234,00 денари.

Во приходите не се пресметуваат износите на данокот на додадена вредност кои се наплатуваат заедно со продажната цена.

По основ на рефактурирана бруто плата од закупците, остварени се приходи во износ од 11.742.670,00 денари и тоа:

-,,Теди Комерц,,-Охрид за хотел ,,Десарет,, - 7.052.482,00 денари;
-,,Теди Комерц,,-Охрид за автокамп,,Љубаништа,, - 1.978.343,00 денари;
- ,,Филип,,-Охрид - 1.502.449,00 денари;
- ,,Острово БДБ,,-Охрид - 1.209.396,00 денари.

Приходите по основ на рефактурирање на струја изнесуваат 8.376.307,00 денари.

Во делот на изнајмувањето на деловен простор со секој закупец е склучен договор за закуп во кој е регулиран начинот на плаќање на закупнината (годишно, на 6 месеци, на 3 месеци или месечно) односно закупнината која се однесува за три месеци, шест месеци или годишно се евидентира на сметката однапред наплатени приходи, односно однапред пресметани приходи во тековниот период кои се однесуваат за наредниот период.

Приходите од наплатени отпишани побарувања во текот на деловната 2013 година изнесуваат 70.098,00 денари. Еден од основните предуслови за признавање на приходите е да постои доволен степен на извесност дека истите ќе се наплатат. Доколку наплатата на некое побарување е неизвесно или спорно, тоа побарување делумно или целосно треба да се отпише.

Приходите од наплатени отпишани побарувања се однесуват на наплатени побарувања од ,,Охридски комуналец,,-Охрид во износ од 27.773,00 денари и наплатени побарувања од Бимбилоски Никола во износ од 42.325,00 денари по судска одлука за задршка на 1/3 од пензијата преку Фондот за ПИОМ.

Дополнително утврдените приходи од поранешни години изнесуваат 81.273,00 денари.

Имено, друштвото има покренато тужба против дел од постојните акционери на друштвото кои сеуште имаат неизмирени обврски кон друштвото за платени акции. Во меѓувреме, овој спор заврши во корист на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид и дел од должниците почнаа да ги подмируваат своите обврски по Пресудата на Основен суд Охрид, а спрема оние кои не го плаќаат долгот се преземени постапки за присилна наплата преку извршител.

Од рефактурирање на сметките од ЕВН за комунална такса за јавно осветлување се реализирани приходи во износ од 13.159,00 денари.

Вкупните расходи во периодот 01.01.2013-31.12.2013 година изнесуваат 48.768.337,00 денари и ги сочинуваат расходи од работењето и финансиски расходи.

Во расходи од работењето спаѓаат трошоците за суровини и материјали, трошоците за услуги, плата и останати трошоци од работењето, трошоци за амортизација, останати трошоци од работењето и останати расходи.

Во трошоци за суровини и материјали спаѓаат трошоците направени за набавка на материјали и трошоци за енергија и отпис на ситен инвентар.

Трошоците за материјали во анализираниот период изнесуваат 74.369,00 денари од кои 46.954,00 денари се однесуваат за канцелариски материјали (хартија, регистратори, тонери и сл.) и 27.415,00 денари на материјали и средства за одржување и чистење.

За периодот јануари-декември 2013 година трошоците за енергија изнесуваат 6.332.547,00 денари и тоа за електрична енергија се потрошени 6.251.284,00 денари, за бензин и моторно масло се издвоени 5.410,00 денари, трошоците за гориво за патничко возило изнесуваат 52.759,00 денари и останати трошоци за енергија износ од 23.094,00 денари и тоа по сметки од ЕВН за комунална такса за јавно осветлување.

Со одлука на Одборот на директори, а по предлог на Централната пописна комисија се изврши отпис на ситен инвентар во ресторан ,,Билјанини извори,, во износ од 860.809,00 денари.

Во трошоци за услуги спаѓаат: транспортни услуги, поштенски и телефонски услуги, услуги за одржување и заштита, наем, комунални услуги и останати услуги.

За поштенски услуги на Македонска пошта се исплатени средства во износ од 33.452,00 денари, на Македонски телеком и Т-Мобиле-Македонија се исплатени средства во износ од 211.476,00 денари.

За услуги за одржување и заштита се издвоени средства во износ од 334.465,00 денари и тоа на ,,Инфо биро,, за годишно одржување на програмите износ од 15.000,00 денари за санација на делови од фасадата на хотел ,,Палас,, се исплатени 88.305,00 денари на Јони-Јона-Охрид и за трошоци во врска со преуредување и адаптација на простор за поставување на банкомат на ,,Охридска банка,, се потрошени средства во износ од 38.940,00 денари и ,,Чеменко,,-Охрид му се исплатени средства во износ од 32.669,00 денари за поправка на кровот на ресторан ,,Ориент,,за услуги за сервисирање и одржување на патничкото возило ОПЕЛ КОРСА се исплатени средства во износ од 24.100,00 денари на друштвото ,,Милан и Ѓорги,,-Охрид за услуги за заштита на агенции за обезбедување на имоти и лица врз основа на договор се исплатени средства во износ од 85.280,00 денари, на ,,Питон,,-Охрид за обезбедување на хотел ,,Палас,, во месеците јули и август од деловната 2013 година. За сервисирање на ПП апарати во хотелите ,,Палас,, и ,,Орце Николов,, на ,,Ватротехна,, од Скопје се исплатени средства во износ од 8.250,00 денари.

Согласно договор за закуп на ресторан ,,Острово,,-Св.Наум за деловната 2013 година на јавната установа Национален парк ,,Галичица,, се исплатени средства во износ од 1.538.647,00 денари. За поставување на урбана опрема се потрошени средства во износ од 172.800,00 денари.

Комуналните услуги изнесуваат 283.600,00 денари и ги опфаќаат трошоците за снабдување со вода во износ од 192.785,00 денари исплатени на МЈП Проаква, трошоците за изнесување на смет и фекалии во износ од 36.326,00 денари од кои за изнесување на смет од пред хотел ,,Палас,, се потрошени 11.750,00 денари за изнесување смет од плажата пред хотел ,,Орце Николов,, во летната сезона се исплатени 14.700,00 денари на ЈП ,,Охридски Комуналец,, и сл. и трошоците за одводнување и прочистување на отпадни и атмосферски води изнесуваат 54.489,00 денари по фактури од ЈП ,,Нискоградба,,-Охрид.

Во останати услуги спаѓаат: интелектуални услуги, трошоци за регистрација на возила и останати неспомнати трошоци за услуги. Интелектуалните услуги ги сочинуваат: трошоците за ревизија во износ од 123.313,00 денари исплатени на Мур Стивенс-Скопје согласно Одлука на Собрание на акционери, трошоците за адвокатски услуги изнесуваат 431.045,00 денари и се исплатени на Адвокатите: Бундовски Миле, Секулоски Нове и Ѓоршевски Аце согласно Договори за вршење на адвокатски услуги; трошоците за нотарски услуги во износ од 70.740,00 денари и се исплатени на нотар Васил Кузманоски износ од 68.145,00 денари, на нотар Станка Горичан износ од 2.595,00 денари, на извршител Душан Филиповиќ се исплатени 11.722,00 денари.

За регистрација на патничкото возило Опел Корса се исплатени 7.275,00 денари.

За изработка на проценка за хотел ,,Палас,, врз основа на Одлука од Одбор на директори на ,,Колиерс,, од Белград му се исплатени 525.300,00 денари.

Бруто платата во периодот јануари-декември 2013 година изнесува 18.186.238,00 денари, нето платата е 12.126.175,00 денари и просечна месечна нето плата во износ од 11.750,00 денари. Треба да се нагласи дека платата со сите придонеси и даноци редовно се исплаќа на вработените најдоцна до 15-ти наредниот месец за тековниот месец.

Трошоците за вработените за еднократен надоместок за технолошки вишок (до пропишаниот неоданочив износ) изнесуваат 244.588,00 денари.

Трошоците за случај на смрт на работник или член на семејството (до пропишаниот неоданочив износ) изнесуваат 147.306,00 денари.

За надомест на електронски здравствени картички на вработените од друштвото се потрошени 42.812,00 денари.

Амортизацијата за периодот јануари-декември 2013 година изнесува 15.307.596,00 денари. Амортизацијата всушност претставува сукцесивно трошење (абење) на постојаните средства во зависност од нивниот век на употреба. Со трошокот на амортизацијата всушност во пресметковниот период се пренесува дел по дел од набавната вредност на материјалните средства.

Основица за пресметување на амортизацијата претставува набавната вредност, односно ревалоризационата вредност на средствата утврдена во согласност со прописите. Обврската за пресметување на амортизацијата престанува кога ќе се надомести вредноста која претставува основица за пресметување на амортизацијата, односно кога износот на набавната вредност на средствата е еднаков со отпишаната вредност и се пресметува поединечно за секое средство во рамките на амортизационите групи пропишани со номенклатурата за амортизација.

Дневниците за службени патувања во земјата до пропишаниот неоданочив износ изнесува 53.168,00 денари и патни трошоци за службено патување во земјата износ од 4.120,00 денари.

Надоместоците на трошоци на вработените за организиран превоз до и од работа изнесуваат 65.021,00 денари и се резултат на превоз до и од работното место на вработените од хотел ,,Орце Николов,,.

За задолжителни систематски лекарски прегледи на вработените се исплатени 20.000,00 денари, обврска која е задолжителна на секои 24 месеци.

За осигурување на објектите на КЈУБИ Македонија се исплатени 693.015,00 денари.

Останати трошоци од работењето изнесуваат 943.738,00 денари од кои за користење под закуп на плажата во автокампот ,,Љубаништа,, врз основа на Договор склучен со Министерството за транспорт и врски за период од пет години, односно до крајот на 2016 година, за 2013 година се резервирани средства во износ од 267.328,00 денари, за плажата пред хотел ,,Десарет,, износ од 72.608,00 денари и за плажата пред хотел ,,Орце Николов,, износ од 131.776,00 денари. На ,,Комерцијална банка,, АД-Скопје и се исплатени 50.000,00 денари за подготовка и комплетирање на документација за поднесување барање за котација на Македонска берза на хартии од вредност АД-Скопје и за изработка на Проспект.

За ангажман на спасители за плажата пред хотел ,,Орце Николов,, за месеците јули и август 2013 година на Црвен Крст-Охрид му се исплатени 127.200,00 денари.

На Централен депозитар за хартии од вредност АД-Скопје му се исплатени 27.860,00 денари за годишен надомест за водење на евиденција за акциите и за надомест за изработка и доставување на податоци (акционерска книга) во хартиена форма и сл.

На ,,Охридска банка,, по основ на редовна камата по кредит се евидентирани 685.921,00 денари и 15.579,00 денари на ,,Комерцијална банка,, АД-Скопје-Сектор за кредитирање на стопанството по основ на камата.

АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид деловната година ја заврши со загуба, односно загуба пред оданочување во износ од 5.925.989,00 денари.

Нето загубата изнесува 5.995.360,00 денари и претставува математички резултат од загубата пред оданочување плус данокот на добивка (на непризнаени расходи). Данокот на добивка (на непризнаени расходи) и изнесува 69.371,00 денари.

Споредбено вкупните приходи во 2013 година се намалени за 9.763.287,00 денари во однос на 2012 година.

Помалку остварените приходи произлегуваат од намалени приходи од закупнини поради откажување на Договорите за закуп на ,,Шпаркасе банка,,-Скопје, ,,Ресторан кај Џино,,-Скопје, ,,Бакидо,,-Охрид, ,,Ромоес,,-Охрид, кои приходи делумно се ублажија со активирањето на Договорот со ,,Рамсторе Македонија,, и високите ставки за надомест кои тие го плаќаат согласно договорениот начин на пресметување на обврската за користење на закупениот простор, како и отпишаните побарувања од купувачи од ,,ЕЛ-10,,-Охрид (врска статусни промени).

Расходите во 2012 година изнесуваат 50.543.294,00 денари, а во 2013 година изнесуваат 48.768.337,00 денари и се намалени поради намалените ставки за струја, комунални услуги и сл., како и рационалната поставеност во сите свери од работењето на друштвото.

АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-ОХРИД
ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ

Претседател,

Колески Кире

# И З В Е Ш Т А Ј

за работењето на Одборот на директори на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид за

период 01.01.2013 до 31.12.2013 година

Согласно член 65 од Статутот на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид управувањето со друштвото е организирано според едностепениот систем со Одбор на директори кој брои пет члена, од кои: четири члена се неизвршни членови, а еден член е извршен член на Одбор на директори.

Постојните членови на Одборот на директори се: Колески Кире-Претседател на Одборот на директори, Чадикоски Ратко, Настески Мате и Петрушев Ѓорги се неизвршни членови на Одбор на директори, а Рахман Џемал е извршен член на Одборот на директори со назив Генерален директор на друштвото.

Неизвршниот член Петрушев Ѓорги е независен член на Одбор на директори.

Во деловната 2013 година Одборот на директори има одржано 7 (седум) состаноци на Одборот на директори на кои се разгледани актуелни состојби на работењето на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид и тоа:

- Седница на Одбор на директори одржана на ден 31.01.2013 година;
- Седница на Одбор на директори одржана на ден 13.02.2013 година;
- Седница на Одбор на директори одржана на ден 28.02.2013 година;
- Седница на Одбор на директори одржана на ден 25.04.2013 година;
- Седница на Одбор на директори одржана на ден 11.06.2013 година;
- Седница на Одбор на директори одржана на ден 17.10.2013 година;
- Седница на Одбор на директори одржана на ден 11.12.2013 година;

На седниците беа разгледувани прашања кои што се од надлежност од Одбор на директори, актуелни состојби од работењето, наплата на побарувањата на друштвото и информациите за побарувања и обврска изготвени од Извршниот директор на друштвото.

Одборот на директори ги организира редовните годишни пописи и ги усвои извештаите од Централната Пописна Комисија, како и документацијата, Одлуките и Извештаите за работењето во деловната 2012 година кои беа разгледувани на Годишното Собрание на акционери на ден 22.05.2013 година.

Во текот на 2013 година согласно законската обврска со измените на Законот за хартии од вредност се спроведе постапка за котација на друштвото на Македонската берза за хартии од вредност.

На постојните членови на Одборот на директори им престана мандатот заклучно со 21.05.2013 година. Поради што се спроведе постапка за предлагање на кандидати за членови на Одборот на директори и нивен избор

согласно одредбите од Законот за трговски друштва. На Годишната седница на Собрание на акционери одржана на ден 22.05.2013 година, Собранието на акционери за членови на Одборот на директори на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид ги избра: Колески Кире, Чадикоски Ратко, Петрушев Ѓорги, Настески Мате и Рахман Џемал.

На седницата на Одборот на директори одржана на ден 11.06.2013 година беше конституиран новиот Одбор на директори на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид, при што за Претседател на Одбор на директори беше избран Колески Кире, а за Извршен член на Одборот на директори беше избран Рахман Џемал.

Одборот на директори тековно ги разгледуваше пристигнатите барања на вработените во друштвото во врска со права и обврски по основ на работен однос и благовремено во склад со законските прописи и својата надлежност одлучуваше по барањата на вработените.

И покрај влошените услови на стопанисување и неможноста за продуктивно ангажирање на вработените во текот на целата година, Одборот на директори не се одлучи на колективно отпуштање и прогласување на технолошки вишоци со цел да се обезбеди материјална и социјална сигурност на вработените во друштвото.

АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-ОХРИД

ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ
Претседател,

Колески Кире

ПРЕДЛОГ:

Врз основа на член 383 од Законот за трговски друштва, а во склад со член 44 од Статутот на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид, Собранието на акционери на седницата одржана на ден __________ година ја донесе следната

# О Д Л У К А

1.Се усвојува Извештајот за работењето на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид и годишната пресметка за 2013 година.

2. Составен дел на оваа одлука е Извештајот за работењето на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид и годишната пресметка за 2013 година.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач,

____________________

ПРЕДЛОГ:

Врз основа на член 383 од Законот за трговски друштва, а во склад со член 44 од Статутот на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид, Собранието на акционери на седницата одржана на ден _______ година ја донесе следната

# О Д Л У К А

1. Се усвојува Ревизорскиот извештај на овластената ревизорска куќа МУР СТИВЕНС,, ДОО-Скопје за ревизијата на годишната пресметка за 2013 година и Извештајот за работење на АД ,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид во 2013 година.

2. Составен дел на оваа Одлука е Ревизорскиот извештај на ,,МУР СТИВЕНС,, ДОО-Скопје за ревизијата на годишната пресметка и Извештајот за работење на АД ,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид за 2013 година.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач,

___________________

ПРЕДЛОГ:

Врз основа на член 383 од Законот за трговски друштва, а во склад со член 44 од Статутот на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид, Собранието на акционери на седницата одржана на ден ______ година ја донесе следната

ОДЛУКА

1. Се усвојува Извештајот за остварените резултати од работењето на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид за 2013 година.

2. Во друштвото за 2013 година се остварени следните финансиски резултати од работењето:

| | |
|---|---|
| - Остварени вкупни приходи | 42.842.348,00 денари |
| - Вкупно расходи | 48.768.337,,00 денари |
| - Загуба пред оданочување | 5.925.989,00 денари |
| - Данок на добивка на непризнаени расходи | 69.371,00 денари |
| - Нето загуба | 5.995.360,00 денари |

3.Остварената загуба во работењето ќе се покрива во согласност со законските прописи.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач,

___________________

ПРЕДЛОГ:

Врз основа на член 383 и 384 од Законот за трговски друштва, а во склад со член 44 од Статутот на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид, Собранието на акционери на седницата одржана на ден ______ година ја донесе следната

# О Д Л У К А

1. Се одобрува работата на членовите на Одборот на директори на АД ,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид за 2013 година:

- Колески Кире
- Чадикоски Ратко
- Петрушев Ѓорѓи
- Настески Мате
- Рахман Џемал

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач,

___________________

ПРЕДЛОГ:

Врз основа на член 383 од Законот за трговски друштва, а во склад со член 44 од Статутот на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид, Собранието на акционери на седницата одржана на ден ______________ година ја донесе следната

О Д Л У К А

1. За ревизија на Годишната пресметка и Годишниот извештај за работата на АД ,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид во 2014 година се избира ревизорска куќа ________________ за цена ___________плус ДДВ.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач,

__________________